МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 33 став 9 од Законот за сточарството ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 116/10 и 23/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ВО ПОГЛЕД НА ОБЈЕКТИТЕ, ОПРЕМАТА И КАДРИТЕ КОИ ГИ ИСПОЛНУВА ОДОБРЕНАТА ИНСТИТУЦИЈА КОЈА ВРШИ ТЕСТИРАЊЕ НА СВОЈСТВАТА НА ОДДЕЛНИТЕ ВИДОВИ НА ДОБИТОК И ПОСТАПКАТА И НАЧИНОТ НА ТЕСТИРАЊЕ КАЈ ОДДЕЛНИ ВИДОВИ НА ДОБИТОК

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат критериумите во поглед на објектите, опремата и кадрите кои ги исполнува одобрената институција која врши тестирање на својствата на одделните видови на добиток и постапката и начинот на тестирање кај одделни видови на добиток.

**Член 2**

Одобрената институција која врши тестирање на својствата на одделните видови на добиток во поглед на објектите треба да ги исполнува следниве критериуми:

- да се изолирани со ограда која не овозможува пристап на луѓе и добиток;

- на влезот во оградениот дел да има дезинфекциона бариера во која постојано треба да има соодветно средство за дезинфекција на возила;

–да ги исполнуваат минималните зоотехнички норми, а особено соодветна контрола на микроклиматот (оптимална температура, влажност, квалитет на воздухот и осветлување во зависност од видот на животните и во согласност со Законот за заштита и благосостојба на животните;

–да вклучуваат одделни објекти (простории) за чување на приплодните машки грла (стадо машки приплодни грла) од ист вид;

–да имаат индивидуални бокосови за чување на машките приплодни грла по број усогласен со димензионираниот број на машки индивидуи кој произлегува од големината на популацијата во согласност со интензитетот на селекција кај машките грла дефиниран во одгледувачката

програма и со димензии во зависност од видот на домашното животно, а во согласност со Законот за заштита и благосостојба на животните и принципите на безбедност при работа;

–да имаат одделна просторија за чување на храна, простирка, прирачен алат и опрема за потребите на стадото на машки приплодни грла;

–да имаат одделна просторија за чување на болните машки приплодни грла;

–да имаат одделна просторија за престој и работа на вработените и

–да имаат одделен простор за чување на арското ѓубре, урина и други биолошки материи.

**Член 3**

Одобрената институција која врши тестирање на својствата на одделните видови на добиток треба да располага со соодветна опрема за контрола на својствата кои се предмет на следење (одгледувачки цели), во согласност со одгледувачката програма, а во зависност од видот на домашните животни и особено треба да има:

–вага за мерење на живата маса на животните;

–компјутер и софтвер за обработка на податоците и

–други мерни инструменти кои соодветствуваат со намената на потребните мерења.

**Член 4**

Одобрената институција која врши тестирање на својствата на одделните видови на добиток во поглед на кадрите треба да има најмалку еден вработен со најмалку VII/1 степен на образование од областа на земјоделството (сточарска насока) или од областа на ветеринарната медицина.

**Член 5**

Постапката и начинот на тестирање кај одделни видови на добиток се пропишани во Правилникот за методите и постапките за мерење на својствата и прогнозирање на генетската вредност на добитокот (*1).

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.08-10906/3 | Министер за земјоделство,
13 декември 2014 година | шумарство и водостопанство,
Скопје | м-р Михаил Цветков, с.р.

(*1) Правилникот се усогласува со:

Одлука на Комисијата од 20 јуни 2006 година за утврдување на методите за следење на продуктивноста и методите за оценување на генетската вредност на добитокот за одгледување на чистокрвни животни од ви- дот говеда заведен како документ број C (2006)2376 – 2006/427/ЕЕЗ;

Одлука на Комисијата од 10 мај 1990 година за утврдување на методите за следење на особините и проценката на генетската вредност на приплодни чистокрвни овци и кози – 90/256/ЕЕЗ и

Одлука на Комисијата од 18 јули 1989 година за утврдување на методите за следење на функционалноста и оценување на генетската вредност на чистокрвните приплодни и хибридни приплодни свињи – 89/507/ЕЕЗ